**20211031641**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МУЗЕИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2021 година.

Бр. 08-2218/1
5 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МУЗЕИТЕ**

Член 1

Во Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), по членот 44 насловот на главата X се менува и гласи: „ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ“.

Член 2

Во член 45 во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „250 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 3

Во член 45-а во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „1.000 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член на физичкото лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (6) и (7).

Член 4

Членовите 45-б и 45-в се менуваат и гласат:

„Член 45-б

За прекршоците од членовите 45 и 45-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 45-в

За прекршоците од членовите 45 и 45-а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Насловите на членовите 45-г и 45-д и членовите 45-г и 45-д се бришат.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.